# Кодекс на однесување

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ООУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

## КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ

1. **Учениците во наставата со физичко присуство се вклучуваат со согласност од родителот/старателот.**
2. **Учениците кои имаат потврда од матичен лекар дека поради својата здравствена состојба не се во можност да посетуваат настава со физичко присуство или родителот дал изјава  наставата ја следат од далечина.**
3. **Ученикот е должен навреме и редовно да доаѓа на настава и навреме и редовно да се вклучува во настава кога истата ја следи од дома.**
4. **Учениците при влез во училиштето задолжително ги дезинфицираат обувките и рацете со дезинфекционо средство.**
5. **Пред влезот во училиштето на секој ученик му се мери телесна температура. Учениците кои имаат зголемена телесна температура( над 37,4) се враќаат дома со препорака родителот да превземе соодветни здравствени мерки.**
6. **При влез во училиштето, учениците задолжително носат заштитна маска/прекривка на лицето и се придржуваат кон мерките за заштита согласно Протоколот за настава со физичко присуство.**

7. **Учениците се движат во училиштето според поставените ознаки за движење и задолжително одржуваат физичко растојание од 1,5 до 2 метри.**
8. **Се забранува групирање на учениците во ходниците на училиштето.**
9. **Се забранува поздравување со физички контакт меѓу учениците.**
10. **При одење во тоалет, учениците треба да одржуваат физичко растојание со останатите ученици. Ученикот треба да чека пред тоалетот додека излезе ученикот кој е внатре.**
11. **Учениците треба почесто да ги мијат рацете со сапун и проточна вода.**
12. **Учениците не треба да ги споделуваат своите работи ( молив, гума и сл.) согласно околностите.**
13. **Учениците носат оброк/храна од дома.**
14. **Учениците оброкот го консумираат во училницата во која реализираат настава и само тогаш е дозволено да ја отстранат маската/прекривката од лицето.**
15. **Учениците ги мијат рацете пред и после јадење, пред и после користење на тоалетот, пред и по доаѓање од надвор.**
16. **Малиот одмор, учениците го користат во траење од 5 минути, а големиот одмор во траење од 15 минути. Користење на одморите е со задолжителен надзор од страна на наставникот или класниот/одделенскиот раководител.**
17. **За време на одморите задочжително се почитуваат мерките за заштита согласно Протоколот за настава со физичко присуство.**
18. **Ученикот е должен да се грижи за училишниот простор и имот.**
19. **Ученикот е должен да се грижи за хигиената во училиштето и блиската околина.**
20. **Во училиштето, ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кон сите.**
21. **Учениците треба да доаѓаат во училиштето уредни.**

22. **Ученикот за време на часто треба внимателно да слуша и навреме да ги извршува училишните обврски.**
23. **Ученикот треба да придонесе за одржување работна атмосфера.**
24. **Ученикот е должен редовно да носи училишен прибор, учебници и тетратки.**
25. **Ученикот треба да соработува со наставниците, стручната служба и други субјекти во училиштето.**
26. **Ученикот треба да покаже почитување и толеранција кон другарите и наставниците.**
27. **Ученикот не смее самоволно и без причина да го напушти часот.**
28. **Ученикот смее да користи мобилен телефон за време на часовите доколку тоа е потребно за реализација на часот.**
29. **Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се изгубат одговорноста е нивна.**
30. **На часовите не е дозволено да се џвакаат гуми за џвакање и истите да се лепат на масите и столчињата.**
31. **Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница.**
32. **Не викај по ходниците, не трчај и придржувај се кон правилата на однесување.**
33. **Не приговарај на опомените од дежурните натавници.**
34. **Ученикот не смее да врши психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето.**
35. **Обраќај им се со Вие на возрасните.**
36. **Не користи вулгарни зборови кога комуницираш.**
37. **Почитувај ги правилата кои сте ги договориле со наставникот.**
38. **Не носи предмети со кои би можел да повредиш некого.**
39. **Искажи го незадоволството со одбрана со пристојни зборови.**

**40. Не ги потценувај способностите на твоите соученици.**
**41. Сослушај го внимателно и почитувај го мислењето на другиот.**
**42. Почитувај ги различните од тебе.**
**43. Истакни ги позитивните особини кај себе со постапки, а не со зборови.**
**44. Покажи почит и кон своите родители со своето примерно однесување.**
**45. Редовно информирај ги родителите за случувањата во училиштето.**
**46. Ученикот задолжително треба да му ги пренесе информациите на родителот, по барање на наставникот.**

## КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ

1. **Почитувај го куќниот ред на училиштето.**
2. **Родителот/старателот го испраќа ученикот до назначениот влез на училиштето.**
3. **Се забранува влегување на родители/старатели во училиштето, освен за родител/старател/образовен асистент на ученик со посебни образовни потреби.**
4. **Родителот/старателот/образовниот асистент при влегување во училиштето задолжително вршат дезинфекција на обувките и рацете со дезинфекционо средство и задолжително носат маска/прекривка на лицето.**
5. **Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на Вашето дете, преку телефон или некоја онлајн апликација за која ќе се договорите со наставникот, класниот/одделенскиот раководител.**
6. **Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето( оправдување на отсуства, консултации со наставниците преку телефон или онлајн апликација)**

7. **Задолжително присуствувајте на родителските средби кои поради новонастанатата ситуација ќе се реализираат преку некоја онлајн апликација за која ќе се договорите со класниот/одделенскиот раководител.**

## КОДЕКС НА НАСТАВНИЦИТЕ

1. **Наставникот во училиште доаѓа најмалку половина час пред отпочнување на наставата.**
2. **Наставникот при влез во училиштето задолжително ги дезинфицира обувките и рацете со дезинфекционо средство и задолжително носи маска/прекривка на лицето.**
3. **Наставниците учествуваат во организирање и спроведување на влегувањето на учениците согласно распоредот на часови и Протоколот.**
4. **Наставниците при влегување во училиштето, за време на престојот во училиште и за време на наставата, задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца од 1 до 1,5 метро и носат заштитна маска/прекривка на лицето.**
5. **На наставниците при влез во училиштето им се мери телесна температура со безконтактен топломер и во случај на зголемена температура, наставникот се упатува кај матичен лекар.**
6. **Наставните треба да избегнуваат подолго да се задржуваат во наставничка канцеларија и задолжително да запазуваат физичка дистанца од 1 до 1,5 метро.**
7. **Се забранува поздравување со физички контакт меѓу наставниците.**

8. **Наставникот е присутен во училница за време на наставата и за време на одморите и се грижи за одржување физичка дистана помеѓу учениците.**
9. **Наставниците постојано ги потсетуваат учениците за почитување на мерките за заштита согласно Протоколот.**
10. **Наставникот треба да се грижи за целиот училишен простор и имот.**
11. **Наставникот треба почесто да отвара прозорци и да ја проветрува училницата.**
12. **Наставникот треба да го почитува времетраењето на часот.**
13. **Наставникот треба да ги евидентира отсутните ученици пред почеток на часот и тоа да го прави редовно.**
14. **Наставникот треба секогаш да е пример со својот изглед и своето однесување.**
15. **Наставникот не смее да се изложува во јавност под дејство на алкохол или дрога.**
16. **Секој наставник треба професионално да се усовршува преку следење на литература, посета на семинари, курсеви.**
17. **Наставникот е должен да ја почитува личноста на секој ученик.**
18. **Наставникот треба да настојува ученикот навреме и квалитетно да ги извршува своите задачи.**
19. **Наставникот не смее да го казнува ученикот телесно и да го малтретира психички.**
20. **Наставникот треба редовно да го известува родителот/старателот преку телефон или некоја онлајн апликација, за постигањата, однесувањето и проблемите на неговото дете.**
21. **Меѓусебно споделување информации и работни состаноци треба да се изведуваат со употреба на видеоконференциска врска.**

22. **Наставникот е должен да ги почитува одлуките од одделенскиот и наставничкиот совет**
23. **Наставникот треба да биде креатор на пријатна работна атмосфера и позитивна емоционална клима во својата училница.**
24. **Наставникот треба да гради односи на меѓусебно разбирање, соработка со учениците и другите вработени во училиштето.**

## КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

1. **Вработените во училиштето задолжително вршат дезинфекција на обувките и рацете со дезинфекционо средство и задолжително носат маска/прекривка на лицето.**
2. **На вработените во училиштето, пред влезот во училиштето им се мери телесна температура со безконтактен топломер.Доколку се утврди покачена телесна температура кај некој од вработените, истиот се упатува на матичен лекар.**
3. **За контролиран влез и излез во / од училиштето, пред и внатре во училиштето, се организира редарска служба, со цел спроведување на редот и одржување на потребното растојание меѓу учениците од минимум 1 до 1,5 метро.Редарите се ангажираат од редот на вработените во училиштето, за што одлучува директорот на училиштето.**
4. **Вработените во училиштето при влегување во училиште, за време на престојот , задолжително ја почитуваат мерката за физичка дистанца.**
5. **Техничкиот персонал редовно и навреме треба да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност.**

6. **Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на часовите.**
7. **Тоалетите треба да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете. Тоалетите треба да се чистат со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорид или 70 % алкохол за дезинфекција на горни површини.**
8. **Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршување на сите училишни активности.**
9. **Чистењето на фискултурната сала, соблекувалните, се врши веднаш по користење од страна на секоја група.**
10. **Останатите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО.**
11. **Вработените треба да го почитуваат куќниот ред во училиштето.**
12. **Стручните соработници и директорот го почитуваат кедексот за наставниците.**
13. **Вработениот треба навреме да доаќа на работното место.**
14. **Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа.**
15. **Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен.**
16. **Вработениот го почитува времетраењет на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок.**
17. **Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во случаи кога тоа го налага работната обврска.**
18. **Вработениот со својот лик, однесување, култура треба да биде пример за вработените и учениците во училиштето.**